# ОД ДЕЈНОСТА НА СОЈУЗОТ И ДРУШТВАТА

## ИЗВЕШТАЈ

**на Управата на Сојузот на историските друштва на СРМ за периодот од септември 1968 до септември 1970 година**

Другарки и другари
Почитани колеги и гости

Со одлука на минатото Годишно собрание на Сојузот на историските друштва, што се одржа во Штип 1968 година, годишново собрание го одржуваме во Крушево. Во извештајниов двогодишен период бевме сведоци на епохалниот подвиг на науката и техниката во освојувањето на космосот, а како посебен успех претставува стапувањето на човекот на Месечината. И дури се чинат напори и трошат огромни материјални средства за освојување на непознатиот свет, на нашата планета се случија и се случуваат такви собитија коишто исто така го свртуваат вниманието на современиот човек. Некои од тие настани како што е долготрајната и крвава војна во Виетнам, постојаните воени судрувања на Средниот Исток и други, сè уште се потенцијална опасност светот да го фрлат во уништувачки конфликт. Од друга страна, затегнатоста меѓу источниот и западниот блок попушти особено со последните контакти меѓу СР Германија и СССР и некои социјалистички земји во Европа.

СФР Југославија со својата мирољубива политика и со политиката на активна коегзистенција меѓу народите и земјите, сè повеќе станува важен фактор во борбата за мир. Неодамна одржаниот Самит во Лусака на 62 неврзани земји и неговите резултати зборуваат за сè порешителен став на земјите во развој преку политиката на неврзување да ја зачуваат својата самостојност и сами да решаваат за својата судбина. Југославија за последниве дваесет години избори достојно место во овој „трет свет“.

По неколку дена ќе се прославува 25-годишнината од постоењето на ОО нации. Оваа организација успеваше досега во најкритичните моменти на затегнатост да ги решава по мирен пат настанатите судрувања. Благодарение на поддршката на малите и на мирољубивите и демократски народи светскиот мир сè уште е зачуван.

Во својата секојдневна работа нашиот Сојуз и нашиот историчар поодделно со интерес ги следи сите овие настани, стремејќи се спрема своите можности да придонесе низ

историската наука и наставата и низ другите разноврсни активности правилно да ги толкува настаните, правилно да ги насочува и воспитува доверените училишни генерации, создавајќи слободен граѓанин, свесен патриот и активен чинител во современиот свет.

А сега да се запреме на работата на главната Управа на Сојузот на историчарите на СРМ во изминативе две години.

## I. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА НАШИОВ СОЈУЗ

На Годишното собрание на 28 септември 1968 година за претседател на Сојузот беше избран поднесувачот на овој извештај, а за членови следниве другари: Мелоски Христо, асистент при Филозофскиот факултет, Кузмановски Александар, проф. во Гимназијата „Јосип Броз Тито", Томоски Томо, проф. на Филозофскиот факултет, Д-р Матковски Александар, виш научен сор. при ИНИ, Лепчески Дамјан, советник при Републ. завод за школство, Панговски Трпко, директор на Историскиот музеј, Димовски Ѓорѓи, проф. во гимн. Битола, Георгиева Ленче, проф. во гимн. во Штип, Димевски Јордан, проф. на ПА во Скопје, Марковска Милица, проф. во гимн. Охрид, Шукри Рахими, проф. на ПА во Скопје и Ристиќ Јелица, проф. од Куманово.

Во надзорниот одбор беа избрани: Лаиновиќ Лидија, наставник во осумгод. училиште во Скопје и Вангели Вера, виш стр. соработ. при ИНИ. Во судот за честа: Љубен Лапе, проф. при Филозофскиот факултет, Димче Мире, директор на Архивот на Македонија и Димиќ Наталија, проф. на ПА во Скопје.

На првата седница Управата се конституира како следува: претседател д-р Александар Апостолов. проф. на Филозофскиот факултет, потпретседател д-р Александар Матковски, виш научен соработник при ИНИ, секретар Христо Меловски, асистент и благајник Кузмановски Александар.

На истиот овој состанок се оформија три комисии и тоа: наставно-педагошка во состав: Лепчевски, Панговски и Рахими, организационо-идеолошка: Апостолов, Матковски, Меловски и Димевски и комисија за научни екскурзии и контакти со други друштва: Кузмановски, Марковска Даница и Рахими Шукри.

На првиот состанок на Управата се разработи годишен план во кој беа опфатени дејности од организациониот карактер, научно-наставен и педагошки; контакти со други друштва и организации и слично. Не е нескромно ако ве известиме дека сите планирани активности сме ги оствариле успешно. Ако нешто значи бројот на состаноците на главната Управа (сметам дека овие беа наполно работни состаноци), таа одржа 12 работни состаноци. Само на 2 состанока присуствуваа и членовите на Управата што живеат надвор од Скопје. Секретаријатот на Управата, претседателот и секретарот имаа огромна административно-техничка работа. За изминатите 2 години испратени се над 500 разни писма, циркулари и други дописи. Работата во Сојузот се одвиваше преку контакти со 18 историски друштва што го сочинуваат нашиов Сојуз. Навистина сите овие друштва не живееја организационо, бидејќи имаше и такви кои беа со-

ставени од по 2—3 члена. Друштвата и некои поединци беа известувани од Управата за сите преземени акции и беа поканувани благовремено да се вклучат во тие акции или да планираат своја работна програма со оглед на нивните услови и потреби. Нешто поконкретно за работата на друштвата ќе кажат нивните претставници во дискусијата, но ние ќе одбележиме дека најактивни беа Битолското, Штипското, Скопското, Т. Велешкото, Струмичкото, Крушевското и донекаде Охридското. Принудени сме да констатираме дека во некои поголеми центри воопшто не се оформени друштва. Така во Куманово, во кое има доволен број историчари и тоа од помладите генерации, сè уште нема оформено друштво. Неколку пати претседателот настојуваше преку лични контакти да се создаде историско друштво но без успех. Од нивна средина избравме и член на Главната Управа само за да тргне работата, но и тоа не помогна.

Уште во почетокот на својот мандат Управата се зафати да ги собере сите историчари во Сојузот. За таа цел се изработија специјални картони за евиденција на секој член и нови членски карти. Спрема нашата евиденција успеавме да зачлениме (овде ги броиме старите и новите членови) околу 200 историчари. Оваа акција се спроведе во текот на октомври 1968 година, кога се наплати членарина за 1968 и 1969 година. (Очекуваме од претставниците на друштвата да чуеме како натаму се одвивала работата.)

## II. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВАТА

Во својата работа Управата на Сојузот секогаш настојуваше во сите активности што ги претприемаше да учествува целокупното членство. Во тоа донекаде и успеа. Управата бараше нови форми на работа кои ќе бидат привлечни и корисни за членството а потребни на историската наука и настава. Во таа смисла ги организира овие активности:

**1. Семинар за сите наставници во окт. 1968 година.**

Заедно со Републичкиот завод за школство во октомври 1968 година организира семинар во 4 пункта (Скопје, Штип, Дојран и Отешево). За сите наставници по историја за наставата од I и II степен на овие семинари се изнесоа нови научни содржини од историската настава предвидени во новите корегирани наставни програми, а што не беа поместени во учебниците. На овој семинар се одржаа и предавања од методската страна на предметот историја. Семинарот беше мошне корисен и успешен, бидејќи на него присуствуваа над 90% од наставниците по историја.

Овој семинар беше искористен и за заемно запознавање и зближување на членството преку другарските вечери што беа приредени (Во Отешево на пр.). Во Стар Дојран којшто беше еден од пунктовите на семинарот, на покана од нашата Управа, присуствуваа на некои предавања од историјата на Македонија и припадниците на ЈНА со нивните старешини од граничниот сектор. Двајца од нивните старешини станаа и членови на нашиот Сојуз.

Предавањата што се одржаа на овој семинар се отпечатија во „Билтенот“ на Заводот и се раздадоа на наставниците како прирачници.

**2. Разгледување и усогласување наставните планови и програми по историја на СРМ и СР Србија.**

Во првата половина на ноември 1968 година се одржа дводневно советување во Скопје меѓу 8 претставници од СР Србија (меѓу кои имаше универзитетски наставници, автори на средношколски учебници, претставник на Заводот за унапредување на школството на СР Србија и околу 30 историчари и педагози од СР Македонија на исто ниво). На овие состаноци опширно, темелно се разгледаа и, таму каде што беше можно се усогласија наставните програми на двете републики. Претставниците на СР Србија на овие состаноци покажаа потполно разбирање за македонската историја и прифатија некои содржини од неа да влезат во нивните програми. Исто така се разгледа и прашањето за учебниците.

**3. Пишување учебници исклучиво од македонски историчари.**

Прашањето за учебници симнато е од дневен ред. За последниве неколку години нашиве историчари се ангажираа во пишување учебници и прирачници по историја за 8-годишните и средните училишта. Благодарение на оваа активност сега имаме нови учебници по историја.

Посебно треба да се одбележи излегувањето од печат на Историјата на македонскиот народ во 1969 година и нејзиното преведување на српско-хрватски јазик во оваа година.

**4. Контакти со другите републички друштва за унапредување на историската наука и настава.**

А. Со Историското друштво на СР Хрватска.

а) Подвижен семинар за 130 историчари од СР Хрватска за изучување на македонската историја.

Нашиот Сојуз со ова Друштво досега има најбогата соработка, пред сѐ благодарејќи на нивниот претседател, Универзитетскиот професор д-р Мирјана Грос; секретарот универзитетскиот професор Иван Кампуш и советникот при Републичкиот завод за школство на СР Хрватска — Хрвое Матковиќ.

На нивна иницијатива и во нивна организација од 4 до 9 јули 1969 година 130 историчари од СР Хрватска одржаа шестодневен подвижен семинар низ СРМ за изучување на историјата на Македонија и македонскиот народ. Нашиов Сојуз за нив организира 2 предавања од македонската историја во Скопје и разгледување на знаменитостите на градот и околината. За нив Извршниот совет на СРМ даде прием. Потоа со три автобуси и во придружба на претседателот на нашиот Сојуз и уште 2 члена од Управата, гостите од Хрватска го посетија Охрид, каде што под стручно раководство ги посетија неговите знаменитости. На враќање ја посетија Хераклеја, Прилеп и Стоби. Насекаде беа под раководството на наши стручњаци.

б) Подвижен семинар на историчари од СРХ и СРМ за изучување на историјата на Северното Хрватско Приморје и Истра.

Врз основа на постигнатиот договор меѓу управите на двете друштва се одржа од 1 до 9 јули 1970

година подвижен семинар за 120 хрватски и 17 македонски историчари. Маршрутата на семинарот започна од Задар. Во овој град семинарот траеше 3 дена. Се посетија знаменитостите на Задар и Нин. Предавањата беа од периодот на ранохрватската историја. На патот за Истра се одржа едно предавање во Сењ. Во Пореч семинарот работеше 4 дена. Предавања се држеа претпладне и попладне од професори на Загребскиот универзитет и други истакнати научници и стручњаци. Учесниците на семинарот ги посетија знаменитостите на Сев. Хрватско Приморје, на Истра, а потоа го посетија Трст, Аквилеја и Градо. Преку Сежана, македонските историчари се вратија дома. Семинарот беше мошне успешен и корисен за нашите наставници по историја. Овој семинар го организира нашиот Сојуз и Републичкиот завод за школство на СРМ (за македонските историчари). Од техничко организациони причини бројот на нашите учесници беше ограничен. Од Скопје на овој семинар учествуваа 4 историчари, од Битола 2 и од другите градови по 1. Нашите историчари беа финансирани од нашиот Сојуз со 5.000 нови динари, од Републичкиот завод со 3.000 нови динари и од месните заедници за образование. Некои од учесниците сами си го платија патот.

**Б. Со Друштвото на СР Србија, АП Војводина и СР Црна Гора**

а) Освен споменатиот состанок во Скопје, наши историчари одржаа три предавања во јануари 1969 година пред историчарите на СР Србија во Белград на семинарот за изучување на бугарската историја.

б) На семинарот за изучување на македонската историја на 2 и 3 февруари 1970 година во Белград, шест предавачи од СРМ одржаа 9 предавања од македонската историја пред околу 500 историчари од СР Србија, СР Црна Гора и АП Војводина.

**В. Со Друштвото на СР Словенија**

Со ова друштво стапивме во контакт и во тек се преговорите во февруари 1971 година наши предавачи да одржат 9 предавања за нивните историчари во СР Словенија, а нивни предавачи, во исто време да одржат предавања за нашите историчари во СРМ. Организатори од наша страна се Сојузот на историските друштва и Републичкиот завод за школство. Од 10 до 14 септември 1970 година се одржа XV средување на словенските историчари во Велење. Нашиот Сојуз испрати свој претставник на оваа средба.

Од името на нашиот Сојуз се популаризираше кај сите овие друштва македонската историја со растурање на собраните во една книшка предавања „Светлини на минатото“.

## III. ВРСКИТЕ И СОРАБОТКАТА СО ИЗВРШНИОТ ОДБОР НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Нашиот Сојуз редовно одржува врски со Извршниот одбор по пат на кореспонденција, преку извештаи што редовно му ги праќа за својата активност, преку состаноци на кои редовно присуствува наш претстав-

ник. Редовно им се испраќа и определената сума пари како членарина од нашиот Сојуз. Наш претставник има и во Редакцијата на ЈИЧ, во Acta Historiae Jugoslaviae. На наше инсистирање, Извршниот одбор на своја седница даде соопштение до Танјуг по повод уфрлената брошура од НРБ по македонското прашање и по повод антијугословенската и антимакедонската кампања што се водеше од таа страна. На иницијатива на наш претставник во Извршниот одбор, тој зеде обврска за организирање интеркатедарски состанок на катедрите по историја во Југославија, за разгледување на наставните планови и програми на оваа дисциплина. Член на нашиот Сојуз беше претседателот на Сојузот на историчарите на Југославија во годината кога се одржа V Конгрес на историчарите на Југославија во Охрид. И воопшто Извршниот одбор секогаш излегувал во пресрет на барањата и потребите на нашиот Сојуз. Така на пример, тој ни додели предавање од македонската историја во Пленумот на V Конгрес во Охрид. Тој, исто така, додели едно од двете југословенски предавања да биде од македонски историчар на XIII Меѓународен конгрес на историчарите во Москва. Тој додели 1 реферат и 1 соопштение од македонски историчари на V Конгрес на економ. историчари во Ленинград 1970 година.

## IV. УЧЕСТВО НА КОНГРЕСИ

### 1. V Конгрес на историчарите на Југославија, одржан во Охрид 1969 година

Нашиот Сојуз беше домаќин на овој Конгрес. За организирањето на овој Конгрес беа вложени огромни напори од Управата на Сојузот и од други членови и установи. За да може успешно да ја изведе организацијата, Управата на Сојузот се обрати до Институтот за национална историја, до Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет и до сето свое членство. На заедничкиот состанок беше формиран Републички одбор за организирање на Конгресот. За претседател на овој одбор беше избран академикот Михаило Апостолски. Овој одбор сврши голема работа. Со посебна активност се истакнаа во него освен неговиот претседател, уште и проф. Љубен Лапе, Методија Соколоски, Димче Мире и други. Ним и на сите други членови на овој одбор, како и на секретарот на одборот Миле Михајлов и секретарот на овој Сојуз Меловски Христо, Управата, и посебно претседателот на овој Сојуз, топло им благодариме и на ова место, искажувајќи им признание за полно ангажирање за успешното организирање на Конгресот.

На овој Конгрес учествуваа околу 1.000 историчари од Југославија и околу 15 од другите земји. Од околу 80 реферати што беа изнесени на овој Конгрес четвртината беа од македонски историчари и на македонска тематика. Пред Конгресот имаше претконгресен симпозиум за движењето на отпорот во Европа на којшто зедоа учество голем број гости и делегати. Мошне важна и корисна беше активноста на симпозиумот за методика на наставата по историја што, исто така, се одржа непосредно пред

овој Конгрес. Сите предавања и дискусии од овој Конгрес снимени се и се чуваат во архивата на ИНИ.

Конгресот не ќе успееше во својата организација ако за него не покажаа интерес највисоките органи на власта на СРМ. Покровител на Конгресот беше претседателот на Собранието на СРМ друг. Никола Минчев, а Извршниот совет на СРМ ги покри сите материјални трошоци околу организацијата на Конгресот и престојот на странските делегати кои учествуваа на овој Конгрес по наша покана. Од доделените близу 10 милиони стари динари за овој Конгрес Одборот и нашиот Сојуз успеаја да заштедат прилично голема сума што овозможи да развиеме ваква дејност каква што е презентирана во овој извештај. На ова место нашиот Сојуз искажува бескрајна благодарност на Извршниот совет на СРМ, а посебно на неговиот претседател друг. Ксенте Богоев, којшто лично ја прими нашата делегација и вети дека средствата ќе бидат обезбедени.

За подготовките на овој Конгрес и за неговото успешно изведување даде помош и Извршниот одбор на историчарите на Југославија и тоа 5.000 нови динари за престој на гостите од странство и 2.000 нови динари за печатење и растурање на програмот на Конгресот. Нашиот Сојуз му благодари на Извршниот одбор за оваа помош.

По Конгресот беше изведена дводневна научна екскурзија низ Македонија за учесниците на Конгресот. 72 учесника меѓу кои и десетина студенти по историја од СР Словенија, во придружба на претседателот на овој Сојуз и еден член на Управата, ги посетија овие места: Хераклеја, Стоби, Дојран, Струмица, Штип—Баргала.

Техничката страна на организацијата на Конгресот беше поверена на ИНЕКС, но тој не успеа да ја изведе онака како што Одборот замислуваше и сакаше. Научната страна на Конгресот наполно успеа.

**2. Меѓународен конгрес на економските историчари**

Овој Конгрес се одржа од 10—14 август 1970 година во Ленинград. На него учествуваа околу 1.000 лица. Од Југославија на овој Конгрес учествуваа 13 делегати меѓу кои двајца од СР Македонија — проф. Данчо Зографски, и проф. д-р Александар Апостолов, со реферати.

**3. XIII Меѓународен конгрес на** историчарите

Од 16 до 23 август 1970 година се одржа XIII Меѓународен конгрес на историчарите во Москва. На овој Конгрес присуствуваше званична југословенска делегација од 29 историчари. Меѓу нив од СРМ како делегати беа 4 историчари (Апостолски, Зографски, Петрушевски М. и Апостолов). Со реферат од југословенските историчари настапи проф. д-р Данчо Зографски, на тема „Великите сили и Балканот во почетокот на XX век“. Од југословенските делегати имаше претседатели и потпретседатели на секции, експерти, членови на меѓународни комисии и слично.

На овој Конгрес, од странски земји, најбројни беа учесници од Југославија, а посебно од СРМ со котизација (65 лица) и како туристи уште 130 лица.

На Конгресот беа презентирани околу 1.200 примероци од историски студии, критички осврти и библиографии од македонската историја.

## V. НАУЧНИ ЕКСКУРЗИИ

### 1. Екскурзија до Цариград

За празникот 29 ноември 1968 година Сојузот изведе 5-тодневна научна екскурзија до Цариград. На оваа екскурзија учествуваа 30 лица. Таа имаше вистинска научна содржина и беше проткаена со другарство и ведрина за сето времетраење.

### 2. Екскурзија до Москва и Ленинград

По повод XIII Меѓународен конгрес на историчарите што се одржа во Москва од 16 до 23 август 1970 година нашиов Сојуз во аранжман на „Путник" организира екскурзија од 13 до 26 август 1970 година. На оваа екскурзија учествуваа историчари и членови на нивни семејства околу 200 лица. Поради огромен број посетители на Конгресот и од други земји, оваа екскурзија мораше да се подели во неколку групи и да оди по два различни правци: низ Унгарија и низ Бугарија и Романија. Програмата беше реализирана со посета на Москва и Ленинград, како и учество на XIII Конгрес на оние кои беа уплатиле котизација. Корист на нашите наставници од оваа екскурзија е огромна. Средства за оваа екскурзија обезбедија: Сојузот на историчарите — милион стари динари, Заедницата на образованието за град Скопје милион стари динари, како и други установи каде што работат наши историчари. Секој поединец, исто така, лично учествуваше со свои средства.

## VI. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ И УСТАНОВИ

Нашиот Сојуз делегираше свои претставници во сите институции кои тоа го бараа. Институтот за национална историја, Филозофскиот факултет, Историскиот музеј на СРМ, Комисија за културни врски со странство и слично.

Нашите претставници таму активно соработуваат, особено во Музејот и Институтот за национална историја.

Во време на изборите за претставнички тела нашиот Сојуз се вклучи во предизборната кампања преку своите друштва. Пример: Скопското друштво кое истакна и свои кандидати. Постојана и плодотворна соработка нашиот Сојуз имаше со Републичкиот завод за школство што можеше да се види и од извештајов.

## VII. УЧЕСТВО ВО ПРИГОДНИ ЈУБИЛЕИ И ДРУГИ СВЕЧЕНОСТИ

Сојузот беше особено активен во прославата на 100 годишнината од раѓањето на В. И. Ленин. Членови на нашиот Сојуз држеа предавања, а Скопското друштво организира за своето членство и за учениците од средните школи предавање за Ленин и мошне успешна уметничка програма. Сојузот ја помогна парично оваа активност.

## VIII. ВРСКИ НА НАШИОТ СОЈУЗ СО СТРАНСТВО

Нашиот Сојуз доби покана и се согласи да учествува на Годишното собрание на Историското друштво на Германска Демократска Република во октомври 1968 година. Но заради настаните во Чехословачка, наш претставник не присуствуваше на ова годишно собрание.

Во 1969 година во октомври претставник на нашиот Сојуз присуствуваше на 3-дневниот симпозиум (трет по ред) на историчарите на социјалистичките земји што се одржа во Будимпешта и Дебрецин. На овие симпозиуми се расправаше за унапредувањето на историската настава, прашањето за учебници и слично.

Од Братислава претседателот на Друштвото на историчарите на Словачка, најави за 1969 година во септември посета на нашата Република, но поради болест ја откажа оваа посета.

На V Конгрес на историчарите на Југославија меѓу други странски гости беа поканети од нашиот Сојуз да присуствуваат на Конгресот од НР Бугарија — проф. Туше Влахов и Крумка Шарова, но ниту дојдоа ниту известија за причините на нивното недоаѓање.

Нашиот Сојуз стои во врска со д-р Екард Торви од Институтот за јужна и југоисточна Европа од Виена. Таа беше со хрватските историчари во СРМ и на V Конгрес. Во нивното списание објавени се информации за тој семинар и предавањата што беа одржани на семинарот.

Пожелно би било да се воспостават контакти — соработка со историските друштва на нашите соседи: Бугарија, Грција, Албанија, но ова не зависи од нашиот Сојуз. Претседателот на Друштвото на историчарите на НРБ проф. Жак Натан изрази желба за соработка пред претседателот на нашиот Сојуз во време на Конгресот во Ленинград оваа година. Новата Управа би требало да ги разгледа можностите за контакти и соработка и со историските друштва од другите земји.

## IX. ИДНИ ЗАДАЧИ ШТО СЕ ПОСТАВУВААТ ПРЕД СОЈУЗОТ

1. Од досегашните 18 друштва, од кои повеќето беа фиктивни, да се создадат неколку центри и тоа:

Центар во Скопје, Титов Велес, Тетово со Гостивар, Охрид со Струга и Дебар, Битола со Ресен, Прилеп со Кичево, Македонски брод и Крушево, Делчево, Пехчево, Берово, Радовиш и Пробиштип, Куманово со Крива Паланка и Кратово и Струмица.

Ваквата поделба ја предлагаме со оглед на географското гравитирање и достапноста на сообраќајната мрежа.

2. Во наредниот мандат, дури да се зацврстат организационо овие центри, да се предвиди платено лице — секретар на Друштвото во секој центар. Средства за тие административни лица да дадат 50% друштвата, а 50% Сојузот.

3. Да се зачленат сите историчари и љубители на историјата во друштвата.

4. Самите центри да составуваат годишен план за работа. Исто така секое друштво да предвиди извесна сума парични средства за текушти работи: свикување состаноци и пла-

ќање патни и дневни разноски на лица од оддалечените места и слично.

5. Активност меѓу друштвата во СРМ. Ова досега не било во пракса. Треба новата Управа да изнајде најпогодни, најпривлечни и најкорисни форми за меѓудруштвена активност. На пример, еднодневен симпозиум за историјата на тој и тој регион и сл. Или размена на искуства во наставата.

6. Планирање научна екскурзија по Медитеранот (обврска) со брод кој тргнува од Пиреј и се посетуваат Италија, Франција, Шпанија, Северно-афричките земји, Египет итн.

7. Да се изгласа уште на ова собрание сума од 2 милиони стари динари да остане во резерва и да се троши само со одобрение на Годишното собрание.

8. Да се одвои сума од 600.000 стари динари која ќе биде исклучиво наменета за прослава на 20-годишнината од основањето на историското друштво.

9. Да се продолжи соработката со другите републички друштва и воспостави таква соработка со странски историски друштва, првенствено со тие од соседните земји.

10. Да се настојува инструктивната стручна посета на училиштата да ги преземе Сојузот на историските друштва.

11. Секое друштво да воведе картотека на своите членови, бележејќи ги во неа активностите и успесите на своето членство.

12. Што посвечено и со повеќе предавања во сите школи, во сите одделенија и во секое населено место нашето членство да држи предавања по повод 25 години на ООН што се совпаѓа со оваа година.

Завршувајќи го овој извештај, го молам Годишното собрание да го одобри и да даде разрешница на досегашната Управа.

Во Крушево, 18. IX 1970 г.

Извештајот го поднел претседателот
на Сојузот на историските друштва
на СРМ
Д-р **Александар Апостолов,** вон. проф.

## ИЗВЕШТАЈ

### за работата на редакцијата на списанието „Историја“ — орган на Сојузот на историските друштва на СР Македонија за 1969 и 1970 година

Другарки и другари, драги колеги,

Навлегуваме во седмата година од излегувањето на списанието „Историја“ — орган на нашиот Сојуз. И во поранешните, а и во овој наш извештај за двогодишната работа, повторно ќе констатираме дека преку овој наш стручен периодичник Сојузот и регионалните друштва на историчарите на Македонија, се афирмира една од значајните, ако не и основните, дејности на Сојузот. Преку него во значителна мера се придонесува на стручното и педагошко-методското усовршување, посебно на наставниот кадар по историја, на нашите членови. Преку ова своевидно себенаоѓање со списанието ја покажуваме нашата зголемена активност и презентирајќи ги